МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-2320/11
Датум: 18 . 07 . 2025 година

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 112/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024), Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за вработување на неопределено време**

1. За извршител на работно место Референ-Надворешен доставувач за потребите на кабинетот, Одделение Кабинет на министерот, Сектор за општи, правни и административни работи, со шифра број УПР0101Г03000 се избира Кире Петковски.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работно место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука за што ќе се донесе посебно решение за распоредување и решение за плата.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со решение од Агенцијата за администратција бр. 10-1072/3 од 05.6.2025 година, во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот оглас број 328/2025 објавен на ден 23.5.2025 година, во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведентата постапка на административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на доказите и интервју, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати по број 10-1072/7 од 17.7.2025 година, врз основа на што Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на енергија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администратција во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до :**
-Избран кандидат,
-Агенција за администрација,
-Архива

**Државен секретар,**
**на Министерство за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**
**Горан Јовановски**

Подготвил: Сања Чамевска
Контролирал: Јован Несторовски
Одобрил: Наташа Радуловска


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk